**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-89/5**

**Скопје, 14.02.2007 година**

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет – средства од Буџетот на РМ, за 2005 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11**.**

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Не е извршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет – средства од Буџетот за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Мирко Стефановски, директор, од 16.11.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 20.11. 2006 до 31.12.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет – средства од Буџетот на РМ (во понатамошниот текст НУ МОБ), ревизијата го констатира следното:

10.1. **Системски слабости**

10.1.1. Со Одлуката на Владата на РМ за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата од декември 2003 година утврдено е ООЗТ Опера, ООЗТ Балет и ООЗТ Сценска техника при РО МНТ да се обединат и да продолжат со работа како НУ Македонска опера и балет – Скопје а ООЗТ Драма да продолжи со работа како НУ Македонски народен театар – Скопје. Владата на РМ со истата Одлука ги нема задолжено овие институции да направат делбен биланс со што би се поделил имотот и обрските на овие институции и би се избегнале можните проблеми и последици. Со Статутот на новоформираната НУ МОБ од јуни 2004 година е предвидено во рок од 15 дена од денот на извршената регистрација да се формираат мешовити комисии кои треба да направат вонреден попис и да изготват Делбен биланс во рок од 30 дена од денот на извршената пререгистрација со што ќе се изврши поделба на имотот и опремата на овие институции. Вонредниот попис е изготвен од страна на комисиите но до денот на ревизијата делбен биланс не е изготвен. Во недостаток на делбен биланс директорите на новоформираните Национални установи Македонскиот народен театар и Македонската опера и Балет во мај 2005 година имаат склучено Спогодба за начинот на управување и користење на заедничкиот имот. Неизготвениот делбен биланс го има за последица следното:

- нереално и необјективно е прикажана вредност на матерјалните средства и изворите на деловни средства во Билансот на состојба кој ја содржи вредноста на градежните објекти и опремата и на НУ Македонски народен театар, за објектите не се обезбедени имотни листи за сопственост од надлежниот државен орган освен за новиот објект,
- неизвршено материјално разграничување во располагањето на опремата за подготовка на претставите што може да доведе до проблеми во реализацијата на програмата поради истовремена потреба кај двете установи,

- неразграничување на побарувањата и обврските, што овозможило во текот на 2005 година од буџетската сметка на НУ МОБ да се исплатат заеднички обврски за комунални услуги во износ од 7,389 илјади денари за сметка на неизмирени сопствени обврски од реализацијата на програмата кои на 31.12.2005 година изнесуваат 14,197 илјади денари спротивно на Законот за буџети.

10.1.2. Ревизијата констатира системска слабост во примената на извршувањето на Буџетот во разделот на дејностите од областа на културата спротивно на Законот на буџетите. Програмските средства, согласно Законот за култура се регулираат со годишен договор меѓу Министерството за култура и НУ МОБ и се буџетираат и извршуваат во трезорот од позицијата Разни трансфери што не соодветствува на фактички потрошените средства по намени искажани во годишната сметка на НУ МОБ.

Од вкупно предвидените средства со Буџетот за 2005 година во износ од 118,885 илјади денари, преку сметката на НУ МОБ реализирани се 114,928 илјади денари, односно помалку за 3,957 илјади денари кои произлегуваат од неисплатени средства во износ од 5,437 илјади денари за надворешни соработници и повеке исплатени средства од 1,480 илјади денари за извршената пренамена од еден проект во друг со Решение на Министерот за култура, без да се изготви Анекс кон Годишниот договор. Од друга страна Министерството за култура за потребите на НУ МОБ измирило обврски во вкупен износ од 15,133 илјади денари од своите сметки и од разделот – функција на државата што претставува дополнително финансирање на оваа единката корисник надвор од предвидениот буџет, годишниот договор и програмата на министерството.

10.1.3. Директорот на НУ МОБ има донесено Правилник за организација и систематизација на работните места во септември 2005 година но не е донесен нов Правилник за вреднување на работните места согласно истиот. Пресметката на платите на вработените се врши според Правилниците за вреднување на работните места донесени од старата установа. Причината за процесот на доцнење и недонесување на нов Правилник за вреднување на платите е недонесениот Колективен договор на ниво на работодавец согласно Упатството од Министерството за култура кое не е прифатено од страна на трите синдикати кои постојат во НУ МОБ, поради констатацијата дека согласно Упатството, масата за плати би била недоволна за соодветно вреднување на работните места во оваа установа. Поради овие состојби, пресметката на платата на вработените и понатаму се врши по коефициент на УНР, нивната висина не е променета од 2002 година и се движи меѓу 6.000 и 18.000 денари. Имајќи ја во предвид специфичноста на дејноста од културата ревизијата констатира дека недонесените акти овозможуваат нереално и необјективно наградување на уметниците, при што на редовно вработените уметници покрај основната плата им се исплакаат и хонорари преку Македонска авторска агенција без соодветно утврдени критериуми и без пресметка на даноци и придонеси од плата. За останатите вработени во НУ МОБ кои вршат административно - стручни и помошни работи во услови на недонесен колективен договор на ниво на работодавец не се создадени правни можности за соодветно вреднување на работните задачи.

10.1.4. НУ МОБ поради неопходност континуирано месечно ангажира околу 40 домашни уметници преку Македонска авторска агенција за кои во 2005



***ул: “Маршал Тито” - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:3211-262, факс3:126-311***

година се исплатени 7,697 илјади денари. Овие лица за својот ангажман добиваат месечен паушален надоместок кој соодветствува на платата што ја земаат вработените лица на тоа работно место без додаток за работен стаж. На истите не им е решен статусот на вработување поради не добиена согласност за вработување од Министерството за финансии а начинот на нивното континуирано ангажирање и вреднување е спротивен на Законот за работни односи.

Во согласност со Министерството за култура НУ МОБ ангажира и други уметници (околу 35) преку Музичка младина на Македонија, врз основа на Спогодба од 16.12.2003 година, при што надоместот го плака по фактури во висина на бруто месечна плата на редовно вработени лица во Музичката младина на Македонија. Во текот на 2005 година по овој основ од буџетската сметка е исплатено 5,166 илјади денари а дел во износ од 3,517 илјади денари е исплатено со цесии од Министерството за култура. Ваквиот начин на решавање на кадровските потреби на НУ МОБ е како резултат на рестриктивната политика на вработување во државните органи, што има за последица нееднаков третман на оваа категорија уметници во однос на редовно вработените во НУ МОБ.

**Препораки и мерки :**

1. Директорите на НУ Македонската опера и балет и НУ Македонски народен театар во соработка со Министерството за култура да формираат комисија за спроведување на делбениот биланс и поделба на заедничкиот имот, опрема, побарувања и обврски со што би се создале услови за самостојно функционирање и работење на двете национални установи.

2. Министерството за култура при буџетирањето на средствата за единките корисниоци да постапува согласно Законот за буџети како системски закон на функционирањето на Буџетот, а примената на Законот на култура да го усогласи со истиот.

3. НУ МОБ во соработка со Министерството за култура и синдикатите да превземе конкретни мерки и активности за надминување на постојните состојби и проблеми во областа на културата во делот на платите со цел да се создадат услови за реално вреднување на работите и задачите на вработените во оваа национална установа.

4. Директорот на НУ МОБ во соработка со Министерството за култура и Министерството за финансии да превземе мерки и активности во насока на регулирање на прашањето на ангажираните надворешни соработници во рамките на постојните законски прописи.

### 10.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

10.2.1. Спротивно Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници позициите Залихи и Извори на деловни средства во Билансот на состојба во вкупен износ од 1,035 илјади денари се нереално и необјективно прикажани за вредноста на изработената костимографија и сценографија за потребите на Операта и Балетот.

Во сметководството се врши евидентирање на новонабавените матерјали како залихи кои веднаш се даваат во употреба во работилниците (шивални, столарски работилници). Ревизијата констатира дека во 2005 година и години наназад не се врши евидентирање на изработените

готови производи (костими изработени од шивалните, сценографии - од столарските работилници во чија вредност треба да бидат пресметани и вредноста на дополнително извршените услуги и авторски дела од страна на надворешни лица (сценографи, костимографи, шивачи и слично), поради неизготвен сметководствен документ со формирана вредност. Ваквата состојба го доведува под сомневање и извршениот попис на 31.12.2005 со кој е констатирано дека нема разлики помеѓу фактичката и сметководствената состојба, иако постојат залихи на матерјали за шиење и изработени сценографии за претстави стари повеќе години.

10.2.2. Ревизијата констатира дека НУ МОБ располага со уметнички слики, скулптури кои не се евидентирани во сметководствената евиденција, поради непроценета вредност на истите. Ова има за ефект нереално и необјективно прикажани позиции на Матерјалните средства и Изворите на деловни средства во Билансот на состојба и можност за злоупотреба на истите.

**Препораки и мерки :**

1. Да се воспостави систем на сметководствена евиденција кој ќе овозможи ефикасно следење на движењето на материјалите по организациони единици во Македонската опера и балет до добивање на готов производ со евидентирање на сите промени на соодветните позиции. Да се изврши повторна проценка и вреднување од страна на стручни лица на веќе изработените костими и сценографии кои се на залиха во магацините и истите да се евидентираат во сметководствената евиденција.

2. Да се изврши вреднување и проценка на сите уметнички и ликовни дела, да се изготви соодветна документација за проценка, и да се евидентира во сметководствената документација.

10.3. **Неправилна примена на акти**

10.3.1. НУ МОБ за реализација на годишната програма дополнително ангажира надворешни странски и домашни физички лица - уметници и соработници за кои во 2005 година е исплатено 5,418 илјади денари преку Авторска агенција. Ревизијата констатира дека НУ МОБ нема донесено Акт за вреднување на ангажманите на овие уметници со утврдени критериуми кои во оваа дејност се разноврсни и се со различен степен на тежина во нивната реализација а надоместоците се движат од 200 до 3.000 евра и тоа за: главна улога, споредна улога, костимографија за опера или балет, превод – препев од странски, авторско право на текст, обнова на режисерска поставка, сценографија, дирижирање на изведба, подготовки на сцени, поединечни вокални изведби, коректура на текст , статисти и друго. Во услови на не донесени нормативни акти и невоспоставени критериуми, ревизијата не беше во можност да изврши контрола според објективно утврдени вредности а оваа состојба остава впечаток на субјективно утврдени вредности за наградување од страна на одговорните лица (директор и уметнички директори) во НУ МОБ и може да има за последица нерамноправност во нивното наградување и вреднување, можност за манипулација и злоупотреба на државните средства.

**Препораки и мерки :**


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

1. Министерството за култура и НУ МОБ во соработка со стручни лица (експерти) од оваа област да изготват акт за вреднување на ангажманите на надворешните соработници во Операта и Балетот со кој би се утврдиле критериуми и рамка за формирање на цената на услугата за истите со цел да се избегне нивното слободно формирање и можноста од субјективизам во нејзиното утврдување.

## 10.4. Ненанеменско и незаконско користење на средствата

10.4.1. Со увид во Правилникот за систематизација на работните места ревизијата констатира дека дел од Секторите не се пополнети со извршители поради што НУ МОБ во континуитет од 6 години ангажира околу 10 лица (помошен персонал) по договор на дело. Министерството за култура го финансира работењето на НУ МОБ со буџетски средства кои се доделуваат исклучиво наменски по проекти но не и за надворешни соработници по договор за дело иако се неопходни во нејзиното функционирање. Во 2005 година преку Авторска агенција за исплата на надоместок на овие лица од програмските средства за кои Министерството за култура со годишниот договор нема обезбедено средства од буџетот исплатени се 515 илјади денари. Ангажираните лица извршуваат работни задачи како што се машински инжинер за сценска техника, пожарникари, чувари, тонци, шминкери, декоратери и друго. Висината на надоместокот што го примаат овие лица се движи меѓу 7 – 12 илјади денари. Ангажирањето на надворешни лица на овој начин се спротивни на одредбите од Законот за извршување на буџетот, Законот за работни односи, Законите за даноци и придонеси од плата, Законот за облигациони односи и има за последица незаконски потрошени државни средства.

10.4.2. Преку Македоската авторска агенција во вкупен износ од 1,047 илјади денари исплатени се ангажмани на вработени лица и тоа на балетски уметници кога учествуваат во оперски претстави и на уметници од оркестарот и операта кога учествуваат во балетски претстави, спротивно на Правилникот за организација и систематизација на работните места во НУ МОБ согласно кој во рамките на редовните задолженија, оперските музичари свират на балетски претстави, а балетските играчи изведуваат балетски точки на оперски претстави за кои не се обезбедени средства од Министерството за култура и има за последица незаконски потрошени средства.

10.4.3. Со увид во примената на Законот за јавни набавки ревизијата го констатира следното:

- Управниот одбор на НУ МОБ нема донесено План за јавни набавки за 2005 година, спротивно на член 11 од Законот за јавни набавки,
- НУ МОБ нема донесено Правилник за набавки од мала вредност,
- Во текот на 2005 година набавките на (опрема, стоки, услуги) во вкупен износ од 4,419 илјади денари се реализирале без спроведување на постапки за јавни набавки односно истите се реализирале во моментот кога ќе се јави потреба од нив, со што не се обезбедила фер конкуренција, транспарентност и јавност.

  За дел од неспроведените постапки за јавни набавки во износ од 2,028 илјади денари, а кои се однесуваат за набавки на материјали за костимографија и сценографија, ревизијата согледа постоење на објективни тешкотии имајќи предвид дека реализацијата на истите е условена со посебни барања за исполнување на одреден квалитет при

создавањето на авторски дела од професионални лица и ограничени рокови во реализацијата на програмата, кои ги оневозможуваат постапките предвидени со Законот за јавни набавки.

**Препораки и мерки :**

1. Директорот на НУ МОБ да ја преиспита потребата од ангажирањата на надворешни лица по договор за дело и доколку се оцени дека нивното ангажирање е неопходно да преземе конкретни мерки и активности во соработка со Министерството за финансии и Министерството за култура за нивно редовно вработување и соодветно пополнување на непополнетите работни места согласно Актот за систематизација и во согласност со законската регулатива во РМ.

2. Директорот на НУ МОБ доследно да ги применува одредбите од Правилникот за организација и систематизација на работните места и да се придржува кон финансиските средства предвидени со буџетот и Годишниот договор на Министерството за култура.

3. Директорот на НУ МОБ да ги превземе следните мерки и активности за примена на Законот за јавни набавки и тоа;
   - Управниот одбор на НУ МОБ да донесе План за јавни набавки и истиот да се достави до Бирото за јавни набавки,
   - Да се донесе Правилник за набавки од мала вредност во кој ќе се утврдат видовите на набавки кои можат да се реализираат на начин и во согласност со членот 72 од Законот за јавни набавки. Набавките од поголема вредност да се реализираат по постапки предвидени во Законот за јавни набавки. Заради олеснување на процедурите и постапките за реализација на набавките и нивно навремено реализирање, имајќи ја во предвид дејноста покрај постојаната комисија за јавна набавка да се формираат неколку помошни комисии согласно организационата поставеност на НУ МОБ.
   - НУ МОБ да изврши консултации со Бирото за јавни набавки во насока на олеснување на процедурите или ослободување од постапка за јавна набавка поради специфичноста кај набавките на материјалите за изработка на костимите и подготовка на сцената за изведба чиј избор го прават исклучиво професионални лица - Автори (костимографи / сценографи) поради објективните тешкотии.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.1.1. и 10.2. погоре, не изразуваме мислење за Билансот на состојба на ден 31 Декември 2005 година на НУ Македонска опера и балет – средства од Буџетот, додека, Билансот на приходи и расходи освен за изнесеното во точката 10.1.2. го прикажува вистинито и објективно резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај НУ Македонска опера и балет – средства од Буџетот на РМ, освен за изнесеното во точката 10.4. остварено е наменско и законско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. **Прифатени и корегирани состојби во Билансот на состојба, од страна на НУ МОБ во текот на ревизијата**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311* ---------------------------------------

13.1. Во периодот на вршење на ревизијата а поради реално и објективно искажување на Позицииите постојани средства и извори на капитални средства ревизијата предложи корекција со која истите се зголемуваат во вкупен износ од 820 илјади денари за вредноста на неевидентираните 820 обични акции во Комерцијална банка АД Скопје сопственост на НУ МОБ спроведени во налог за книжење број 389 во 2006 година.

**Скопје, 13.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 114.928 | 16.035 |
| **Вкупно приходи** | **114.928** | **16.035** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 75.017 | 12.982 |
| Резерви и недефинирани расходи | 107 | 0 |
| Стоки и услуги | 38.989 | 2.769 |
| Субвенции и трансфери | 272 | 25 |
| **Вкупно тековни расходи** | **114.385** | **15.776** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 543 | 259 |
| **Вкупно капитални расходи** | **543** | **259** |
| **Вкупно расходи** | **114.928** | **16.035** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*
---------------------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | 2 |
| Побарувања од вработените | 17 | 17 |
| Активни временски разграничувања | 19.478 | 22.420 |
| Залихи | 1.035 | 325 |
| **Вкупно тековни средства** | **20.530** | **22.764** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 52.080 | 52.080 |
| Материјални средства | 80.728 | 80.002 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 820 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **133.628** | **132.082** |
| **Вкупна актива** | **154.158** | **154.846** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 14.197 | 16.933 |
| Краткорочни финансиски обврски | 17 | 18 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 5.281 | 5.487 |
| **Вкупно тековни обврски** | **19.495** | **22.438** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 134.663 | 132.408 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **134.663** | **132.408** |
| **Вкупна пасива** | **154.158** | **154.846** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **132.082** | **326** | **132.408** |
| **Зголемување по основ на:** | **3.983** | **7.865** | **11.848** |
| Набавки опрема и др. | 1.379 | 4.521 | **5.900** |
| Инвестиции во градежни објекти | 1.784 | | **1.784** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| Обични акции во Комерцијална банка АД | 820 | | **820** |
| **Пренесена почетна сосотјбаод сметка** | | | |
| за приходи наплатени од органи | | 683 | |
| набавки од сметка за приходи наплатени од органи | | 1.200 | |
| набавки од сметка за донации | | 869 | |
| набавки од сметка за самофинасирачки активности | | 592 | |
| **Намалување по основ на:** | **2.437** | **7.156** | **9.593** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 2.437 | 7.156 | **9.593** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **133.628** | **1.035** | **134.663** |


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------